АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 28-12-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 7206 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 ноември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 декември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на радио);

- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

- **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со мониторингот на снимката од радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 ноември 2015 година, на регионално ниво, **е констатирано прекршување на член 92 став 15 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, на 10 ноември 2015 година, се емитувани вкупно 24.43% вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика изворно создадена во Република Македонија.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје, на 10 ноември 2015 година, не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална/вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика изворно создадена во Република Македонија.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***